Република Северна Македонија

**Министерство за**
**јавна администрација**

**До: _ИНСТИТУЦИИТЕ ОД ЈАВНИОТ СЕКТОР_**

**Архивски број: 09 -** 3259/1
**Датум:** 11.08.2025

**Предмет: Известување, доставува**

Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси ("Службен весник на Република Македонија" број 12/2019), во член 34 став 1 алинеа 3 предвидува дека од денот на донесувањето на одлуката за распишување на избори до денот на завршувањето на изборот на претседател на Република Македонија, пратеници во Собранието на Република Македонија и изборот на Владата на Република Македонија, како и од денот на донесувањето на одлуката за распишување на избори до денот на завршувањето на изборите за избор на градоначалник или членови на советот, односно до конституирањето на советот на општините и на градот Скопје, не можеда се започне постапка за вработување на нови лица или постапка за престанок на работен однос во државни и јавни институции, а започнатите постапки се ставаат во мирување, освен во случаи на итни и неодложни работи.

Согласно одредбите во Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18, 143/19 , 14/20 и 208/24) и Законот за административните службеници ("Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016, 11/2018, 275/2019, 14/2020, 215/2021, 99/2022 и 208/2024), пополнувањето на работните места во институциите на јавниот сектор се врши преку објавување на јавен или интерен оглас и по пат на мобилност, преку спогодбено превземање на лице од една во друга институција, по предходна добиена согласност од Министерството за јавна администрација или преку распоредување од едно на друго работно место, во рамките на иста институција, врз основа на предходно донесените акти за внатрешна организација и систематизација на работните места, одобрени од страна на ова министерство. Имајќи ги предвид одредбите содржани во овие два закони, а со цел обезбедување на доследна и во целост примена на горе споменатата одредба од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, **Министерството за јавна администрација ги известува институциите во јавниот сектор, дека од денот на донесувањето на Решението за распишување на избори за членови на советите на општините и Советот на Градот Скопје и за градоначалници на општините и за градоначаник на Градот Скопје ( 9 август 2025 година), објавено во "Службен весник на Република Македонија" број 167/2025 на 9 август 2025 година, нема да дава писмени согласности/мислења, кои се утврдени како законска надлежност на министерството, се до денот на завршувањето на изборите.**


Министерство
за јавна администрација на
Република Северна Македонија

Ул. „св. Кирил и Методиј" бр. 54, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 320 0874
www.mioa.gov.mk

Република Северна Македонија

**Министерство за
јавна администрација**

Предметите по барање на согласност на актите за внатрешна организација и/или актите за систематизација на работните места односно актите за измена и дополнување на актите за внатрешна организација и/или актите за систематизација на работните места во институциите на јавниот сектор, како и предметите за давање на согласност на спогодбите за превземање на лица од една во друга институција на јавниот сектор, **доставени до министерството по денот на објавувањето на Решението за распишување на избори** за членови на советите на општините и Советот на Градот Скопје и за градоначалници на општините и за градоначаник на Градот Скопје ( 9 август 2025 година), по одлука на Министерот за јавна администрација, **се ставаат во мирување** и по истите нема да се постапува се до денот на завршување на изборите.

**По исклучок,** постапувањето по пристигнатите **барања на мислење по Годишните планови за вработување** во институциите на јавниот сектор, поради строго утврдените законски рокови, **тековно продолжува**.

**Со почит,**

**Министер за јавна администрација**
**Горан Минчев**


Министерство
за јавна администрација на
Република Северна Македонија

Ул. „св. Кирил и Методиј“ бр. 54, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 320 0874
www.mioa.gov.mk